# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 27 декември 1993
Скопје
Број 78 Год. XLIX

Претплатата за 1993 година изнесува 1.500 денари. Овој број чини 60 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1831.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 декември 1993 година.

Број 08-4619/1
21 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА АКЦИЗИТЕ

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се воведува плаќање на акцизи.

Акцизите претставуваат посебен вид на данок на промет на производите определени со овој закон.

Член 2

Акцизи се плаќаат на следниве производи:

1) деривати на нафта;
2) преработки од тутун;
3) алкохолни пијалаци (ракии, вињак и други жестоки пијалаци);
4) пиво;
5) кафе;
6) патнички автомобили и
7) луксузни производи.

Член 3

Акцизи се плаќаат на прометот на производите од член 2 на овој закон, односно увозот.

На производите од член 2 на овој закон, акциза се плаќа и при:

1) наследување, давање на производи без надомест (подарок, отстапување) или во замена за друг производ, услуга или друга вредност;
2) кусок на производи, освен кусокот што настанал под дејство на виша сила;
3) расход (кало, растур, расипување и крш) кој настанал над количеството утврдено со узансите, ако органот за јавни приходи поинаку не определил;
4) земање на сопствен произведен или набавен производ и
5) користење на производ што физичкото лице ќе го изработи за сопствена употреба.

Член 4

Обврзник на акцизата во прометот на деривати на нафта е производителот, односно увозникот.

Обврзник на акцизата во прометот на деривати на нафта произведени во Република Македонија е сопственикот на увезената сурова нафта.

Член 5

Обврзник на акцизата во прометот на преработки од тутун е производителот, односно неговата асоцијација, за делот на тутунските преработки што таа ги става во промет, односно увозникот на преработки од тутун.

Член 6

Обврзник на акцизата во прометот на алкохолни пијалаци (ракии, вињак и други жестоки пијалаци), пиво, кафе и луксузни производи е секој учесник во прометот: производителот, увозникот, трговијата на големо, трговијата на мало, угостителското претпријатие, самостојниот угостител, самостојниот трговски дуќан и самостојниот производител.

Член 7

Обврзник на акцизата во прометот на патнички автомобили е правното лице, претприемачот и физичкото лице, односно купувачот на патничкиот автомобил што подлежи на обврската за годишна регистрација.

Член 8

Обврзникот на акцизата што врши промет на деривати на нафта и тутунски преработки е должен на денот на влегувањето во сила на прописот со кој се зголемува, намалува или укинува акцизата да изврши попис на затекнатите количества на залиха. Обврзникот на акцизата е должен по еден примерок од записникот за пописот на затекнатите залихи и за акцизата содржана во тие залихи веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да достави до надлежната пазарна инспекција и до органот за јавни приходи за подрачјето на општината.

Обврзникот на акцизата утврдената позитивна разлика е должен да ја уплати во рок од седум дена од денот на зголемувањето на акцизата и по изминувањето на три дена од денот на уплатувањето доказот за извршената доплата да го достави до органот за јавни приходи за подрачјето на општината.

Член 9

Правно лице, претприемач или физичко лице кое произведува производи на кои се плаќа акциза е должно во рок од десет дена пред отпочнувањето на производството и прометот да поднесе писмено барање до органот за јавни приходи во општината на чие подрачје се врши дејноста за упис во регистарот на обврзници на акцизи.

Производителот – обврзник на акцизата не може да врши производство и промет без пријава за упис во регистарот на обврзниците на акцизи што се води во органот за јавни приходи.

Член 10

Основицата за плаќање на акцизата во прометот на дериватите на нафта е продажната цена во која е засметана акцизата.

Член 11

Основицата за плаќање на акцизата во прометот на преработки од тутун – цигари е продажната цена која е пријавена во Министерството за финансии и во која е засметана акцизата.

Член 12

Основицата за плаќање на акцизата во прометот на алкохолни пијалаци (ракии, виьак и други жестоки пијалаци), пиво, кафе, луксузни производи и патнички автомобили е продажната цена која во себе не содржи акциза.

Продажната цена од став 1 на овој член која служи како даночна основица се намалува за износот на пресметаната акциза на претходните учесници во прометот или при увозот (производителот, увозникот, трговијата на големо, трговијата на мало, угостителското претпријатие, самостојниот угостител и самостојниот трговски дуќан).

Член 13

Основицата за плаќање на акцизата при увозот е вредноста на увезениот производ утврдена според царинските прописи вклучувајќи ги царината и другите увозни давачки, а која во себе не ја содржи акцизата.

Основица за плаќање на акцизата при увозот на деривати на нафта е продажната цена утврдена со Одлука на Владата на Република Македонија во која е засметана акцизата.

Основица за плаќање на акцизата при увозот на преработки од тутун е продажната цена која увозникот е должен да ја пријави во Министерството за финансии во која е засметана акциза.

Член 14

Основица за плаќање на акциза за производите од член 3 став 2 на овој закон, е:

1) цена што би се постигнала со продажбата на тој производ, но не пониска од цената на чинењето (член 3 став 2 точки 1, 4 и 5) и

2) вредноста на утврдениот кусок, односно расход, но не пониска од цената на чинењето (член 3 став 2 точки 2 и 3).

Член 15

Тарифата на акцизите е составен дел на овој закон.

Во Тарифата на акцизите стапките можат да бидат искажани и во апсолутни износи по единици мерки на производи.

Член 16

На износот на акцизата што не е уплатен во рок пропишан со закон се плаќа камата по стапка од 2% за секој ден задоцнување.

## КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Со парична казна од 100 до 250 плати ќе се казни за стопански престап правното лице ако:

1) во својство на купувач, при набавката на производи му даде на продавачот неточни или невистинити податоци врз основа на кои ги набавува производите за намените заради кои според закон не се плаќа акцизи;

2) пушта во промет преработки од тутун од странско производство без ознака, односно цигари што се илегално внесени во земјата;

3) при промената на акцизите не изврши попис на производите на залихи или ако во новате цени не го вкалкулира зголемениот односно намалениот износ на акцизата;

4) обврзникот на акцизата во фактурата посебно не ја искаже акцизата која му се засметува на купувачот и

5) употреби масло за горење екстра лесно (Е/ масло за горење лесно специјално (ЛС) за целите според овој закон не можат да се употребуваат, од да се користат.

За дејства од став 1 на овој член ќе се каз стопански престап и одговорното лице во претпри ето или во друго правно лице со парична казна од п десет плати.

За стопански престап во смисла на точка 5 став овој член, му се изрекува и заштитна мерка одзе на моторното возило (камион, патнички автомоб друго), тракторот, пловниот објект или другиот м со кој е сторено таквото дело.

Член 18

Тој кој во својство на одговорно лице кај пр лице, а заради стекнување противправна имотна ко или заради шпекулација на пазарот, увезува или пу во промет странски цигари без пропишаната ознак се казни за кривично дело со затвор до пет години

Член 19

Со парична казна од 50 до 250 плати ќе се казни стопански престап правното лице ако:

1) не пресмета или неточно ја пресмета акцизата ако пресметаната акциза не ја уплати на пропишан сметка и

2) акцизата не ја пресмета на начинот предвиден овој закон, односно ако ја пресмета неточно или а пресметаната акциза не ја уплати во пропишаниот р

За дејствата од став 1 на овој член ќе се казни стопански престап и одговорното лице во претпријат ето или во другото правно лице со парична казна од п до десет плати.

Член 20

Со парична казна од 50 до 250 плати ќе се казни стопански престап правното лице како даночен обвр ник ако:

1) го спречува овластеното лице при вршењето н контролата;

2) при зголемувањето на акцизата не изврши до плата на акцизите или не достави записник за изврше ниот попис на залихите или не достави доказ за изврше ната доплата на акцизите;

3) не поднесе барање за упис во регистарот на обврз ниците на акцизи во рокот определен со овој закон и

4) произведува и става во промет производи на кои се плаќа акциза без упис во регистарот на обврзниците на акцизи.

За дејства од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во претпријатието или во друго правно лице со парична казна од пет до десет плати.

Член 21

Со парична казна од три до петнаесет плати ќе се казни за прекршок физичкото лице – претприемач ако:

1) при промена на акцизата не изврши попис на производите на залиха или ако во новите цени не го вкалкулира зголемениот, односно намалениот износ на акцизите;

2) обврзникот на акцизата во фактурата посебно не ја искаже акцизата која му ја засметува на купувачот и

3) го спречува овластеното лице при вршењето на контролата на пресметувањето или плаќањето на акцизата.

Член 22

Со парична казна од три до петнаесет плати ќе се казни за прекршок физичко лице – претприемач ако:

1) не ја пресмета акцизата или неточно ја пресмета акцизата или ако акцизата не ја уплати на соодветна уплатна сметка;

2) употреби масло за горење екстра лесно (ЕЛ) или масло за горење лесно специјално (ЛС) за цели за кои според овој закон не можат да се употребуваат, односно да се користат;

3) при зголемувањето на акцизата не изврши доплата на акцизата или не достави записник за извршениот попис на залихите или не достави доказ за извршената доплата на акцизата;

4) не поднесе барање за упис во регистарот на обврзниците на акцизи во рокот определен со овој закон и

5) произведува и става во промет производи на кои се плаќа акциза без упис во регистарот на обврзниците на акцизи.

За прекршокот во смисла на точка 2 став 1 од овој член, покрај паричната казна, му се изрекува и заштитна мерка одземање на моторното возило (камион, патнички автомобил и друго), тракторот, пловниот објект или другиот мотор со кој е сторено таквото дело.

Член 23

За кривично дело со затвор до пет години ќе се казни физичко лице ако пушта во промет странски цигари без пропишаната ознака, односно цигари илегално внесени во земјата заради стекнување противправна имотна корист или шпекулација на пазарот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Во поглед на ослободувањата и олеснувањата, настанувањето на обврската за пресметување и плаќање, поискажувањето, евидентирањето, доставувањето на податоци и документација, застареноста, контролата на пресметувањето и плаќањето, правните средства, обновата на постапката, повратот и другите прашања што не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Член 25

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1994 година, освен одредбите од член 9 став 2 кои ќе се применуваат од 1 април 1994 година.

## ТАРИФА НА АКЦИЗИ

Тарифен број 1

На прометот на нафтени деривати се плаќа акциза, и тоа:

1) Моторен бензин

– МБ 86 . . . . . . . . . . 64,892%
– МБ 98 . . . . . . . . . . 65,14%
– МБ 95 . . . . . . . . . . 62,583%

2) Дизел гориво

– Д-1 . . . . . . . . . . 60,185%
– Д-2 . . . . . . . . . . 60,01%

3) Масло за горење екстра лесно (ЕЛ) и масло за горење лесно специјално (ЛС)

– ЕЛ . . . . . . . . . . 36,016%
– ЛС . . . . . . . . . . 36,016%

4) Млазно гориво и авионски бензин . . . . . . . . . . 17%

5) Петролеј за мотори, петролеј за осветлување, авионски и моторни масла, минерални и мазивни масла и масти, хипоидни и други минерални масла и масти, како и масла за подмачкување и примарен (суров) бензин . . . . . . . . . . 10%

6) Течен нафтен гас . . . . . . . . . . 5%
Ако течниот нафтен гас се користи со помош на специјални уреди за погон на моторни возила и моторни пловни објекти . . . . . . . . . . 40%

7) Масло за горење, мазут и тоа:

– лесно (Л), средно (С), тешко (Т), екстра тешко (ЕТ), нискосулфурно лесно (НСЛ), нискосулфурно средно (НСС) и нискосулфурно тешко (НСТ) . . . . . . . . . . 10%

Ако правните лица набавуваат масло за горење-мазут под условите и на начинот од член 6 на Законот за данокот на промет на производи и услуги исклучително за потрошувачка во: производство на сурово железо во високи печки; производство на челик во Сименс-Мартинови печки, како и на челик во длабински и загревни печки; производство на алуминиум во сите фази (процесот на расчленување на бокситот со помош на натриум-хидроксид); процесот на впарување на база, заради добивање глиница, процесот на производството на глиница во фазата на калцинација, односно печење на алуминиум хидрати; процесот на одржување на електролити и алуминиум во течна состојба на определена температура во собирните печки; процесот на производство на легури од алуминиум во собирни печки; производство на цемент; производство на фероникел; производство на бакренец во пламени печки; топење на влошки за рафинација на топилница на олово, цинк и антимон; производство на огноотпорен материјал во ротациони печки; процесот на синтерирање на керамички производи; топење на суровини (на кварцен песок, доломит, натрин фелдспат, калцинирана сода во стакларски печки, производство на амбалажно и шупликаво стакло; прехранбената индустрија (производството на шеќер и масло за јадење); индустријата на градежен материјал; термоелектраните на јаглен во кои се користи мазут за потпалување на термоелектраните и топланите на мазут со моќност поголема од 30 МВ – се плаќа акциза по стапка од ..... 5%.

Забелешки:

1. Пред пуштањето во промет на масло за горење екстра лесно (ЕЛ) и масло за горење лесно специјално (ЛС) производителот мора во рафинеријата да ги бојоса со јасно црвена боја. Ако тие масла се увезуваат увозникот е должен овие деривати да ги бојоса со јасно црвена боја пред испораката на нарачувачот за чија сметка се увезени дериватите.

2. Маслото за горење екстра лесно (ЕЛ) и маслото за горење лесно специјално (ЛС) од точката 3 на овој тарифен број не смее под никаков услов да се користи за погон на моторни возила од сите видови, пловни објекти или други мотори.

Контролата на употребата и користењето на маслото за горење од точка 3 и на течниот нафтен гас од точка 6 на овој тарифен број во моторните возила, пловните објекти и во другите мотори вршат овласте-

ните работници на сообраќајната полиција и на пазарната, односно на даночната инспекција.

Тарифен број 2

На прометот на преработки од тутун акциза се плаќа, и тоа:

1) На сите видови увозни и лиценцни цигари . . . . .70%

2) На сите видови екстра домашни цигари. . . . . . .60%

3) На сите видови цигари од квалитетните групи од I до IV . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47%

4) На режан тутун од сите видови и квалитети, цигари, цигарилоси, тутун за лулиња и тутун за џвакање и бурмут . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .26%

Забелешка:

1. На преработки од тутун – цигари произведени или увезени, а наменети за продажба во Република Македонија производителот, односно увозникот е должен на кутијата при непосредното печатење или со налепница која треба да биде залепена на амбалажата под целофанската хартија или друга хартија со која е обложена кутијата да отпечати ознака „М“. За преработки од тутун-цигари кои се ставени во промет без оваа ознака, се смета дека не е пресметана и платена акцизата.

Одредбата на став 1 од оваа точка не се однесува на цигарите произведени по странска лиценца во домашно претпријатие.

Тарифен број 3

На прометот на алкохолни пијалаци, (ракии, вињак и други жестоки пијалаци) и пиво се плаќа акциза, и тоа:

1) Ракии и вињак . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .70%

2) На други жестоки пијалаци . . . . . . . . . . . . . .130%

3) На пиво. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .60%

Забелешки:

1. Под алкохолни пијалаци, во смисла на овој тарифен број, се подразбираат пијалаците што содржат повеќе од 2% алкохол.

2. Под пиво се подразбира алкохолен пијалак што се пушта во прометот како пиво, без оглед на содржината на алкохолот.

Тарифен број 4

На прометот на патнички автомобили акцизи се плаќа според работната зафатнина на моторот, и тоа:

1) На работна зафатнина на моторот до 2,0 литри .25%

2) На работна зафатнина на моторот над 2,0 литри.55%

Забелешки:

1. Под патнички автомобили од овој тарифен број подразбираат автомобилите за превоз на патници најмногу девет седишта, вклучувајќи го и седиштето на возачот, што се изработени според стандард ЈУС М.НО, 010-1.2.2.3.1.1.

2. Во производите од овој тарифен број не спаѓаат теренски моторни возила, специјални санитетски возила со вградени уреди за болни, специјални возила за потребите на полицијата и Армијата и патролната служба со вградени уреди и комби-возила. Како специјални возила од овој став не се сметаат патничките автомобили, адаптирани за обука на возачи (дупли) команди, исфрлени седишта и друго, патничките автомобили за давање помош на патиштата, патнички ПТТ возила и слично. Како теренско моторно возило се смета моторното возило со најмногу две погонски оски, односно со два диференцијали.

Тарифен број 5

Акциза по стапка од 70% се плаќа на прометот на луксузни производи, и тоа на:

1) Украсни и други производи од сите видови или форми изработени со повеќе од 2% злато или други благородни метали (платина и друго), односно производи изработени со повеќе од 50% сребро;

2) Природни скапоцени камења и природен бисер и производи од сите видови форми изработени со бесценети камења и бисер;

3) Парфимериски и козметички производи;

4) Со рака изработени јазлени теписи со повеќе од 120.000 јазли по $m^2$ и

5) Кожа од влекачи (змија, гуштер, крокодил и друго) и на сите производи изработени од тие кожи, како и од природни крзна и производи од тоа крзно (облека, обувки и други производи), застапени со повеќе од 50% од вредноста на производот, освен кожа и крзно од домашни животни и производи од тие кожи и крзна.

Забелешки:

1. Под украсни и други производи од злато и други благородни метали од точка 1 на овој тарифен број се подразбираат: сите производи изработени во целост или делумно од злато и други благородни метали, односно во комбинација на тие и други различни материјали (метал, дрво, пластичен материјал, морска пена, килибар, стакло и друго), што служат како личен украс (прстени, брошеви, белезици, обетки, гердани, копчиња за манжетни, игли и држачи за вратоврска, шноли и слично), под услов таквите производи да содржат повеќе од 2% злато или други благородни метали.

2. Под природни скапоцени камења од точка 2 на овој тарифен број се подразбира дијаманти, корунд, со своите варитети (рубин, смарагд, аметист, аквамарин, хризонит, ориентален топаз, спинел), берил, аквамарин златен берил (морганит) и хризоберил.

3. Под природен бисер се подразбира природниот бисер што е производ од бисерни остриги или школки добиен по природен пат.

4. Под парфимериски и козметички производи од точка 3 на овој тарифен број се подразбираат парфеми и колонски води, креми, млека и лосиони за нега на кожата; кармини за усни, шминка, пудри и други препарати за маски, лакови за нокти, пасти за нокти и препарати за полирање на нокти, растворувач на лак за нокти, масла, води и помади за коса, препарати за ондулација, бојосување и одбојосување на косата, фиксатори и други препарати за коса, помади и моливи за клепки.

5. Под природно крзно од точка 5 на овој тарифен број се подразбираат крзна од: ангорски зајак, дабар, видра, дива мачка, кртица, верверичка, леопард, јагуар, пантер, хиена, шакал, ирвас, куна, нутрија, мали амерички мечки, кенгури, опозум, бизам, мрзливец, мајмун, сребрена сина, платинска, црна, сива и бела лисица, астраган, персијанер, чинчила, хермелин, скунц, рис, како и самурови, вомбат и балабај крзна и крзна од дивеч (див зајак, волк, јазовец и друго). Под природна кожа и крзно од оваа точка од домашни животни се подразбираат кожи и кожи со крзно или влакна од домашни животни (питоми зајаци, кози, овци и други домашни животни).

Тарифен број 6

Акциза по стапка од 50% се плаќа на прометот на кафе – сурово, пржено, мелено и екстракт од кафе.

Забелешка.

Под кафе од овој тарифен број се подразбираат сите видови кафе што во себе содржат други додатоци или мешаница на кафе под услов содржината на кафето по вредност да изнесува најмалку 50%.

---

1832.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ И ПЕНЗИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 1993 година.

Број 08-4616/1
22 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ И ПЕНЗИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон се уредува исплатата на нето платите, пензиите, како и одделни надоместоци кај правните лица со седиште во Република Македонија.

Одредбите на овој закон, освен на член 8, не се однесуваат на правните лица кај кои средствата се во приватна сопственост.

Член 2

Правното лице кое врши дејност распоредена во областа од 01 до 11 и правното лице кое врши дејност во областа од 12 до 14 кое е регистрирано како претпријатие, нето платите ги исплатува во согласност со општиот акт, колективен договор и овој закон.

Член 3

Правното лице од член 2 на овој закон нето платите за месец декември 1993 година ги исплатува најмногу во висина од 95% од просечната месечна нето плата по работник кај правното лице за периодот август – септември 1993 година исплатена до 10 ноември 1993 година (основица) и зголемена најмногу до кумулативната стапка на пораст на трошоците на живот за периодот октомври-декември 1993 година во однос на месец септември 1993 година.

Доколку просечната месечна нето плата по работник кај правното лице исплатена за периодот август – септември 1993 година е пониска од 75% од просечно исплатената во стопанството за соодветниот период, според објавените податоци на Републичкиот завод за статистика, правното лице може својата основица да ја зголеми најмногу до 80% од разликата меѓу основицата и нивото од 75% од просечната плата во стопанството.

Член 4

Правното лице од член 2 на овој закон нето платите за месец јануари 1994 година и натаму ги исплатува до висина на правото што го утврдило за претходниот месец и зголемено најмногу до:

– стапката на пораст на трошоците на живот во тековниот месец во однос на претходниот месец намалена за 1,5 процентни поени и

– 50% од разликата меѓу стварниот и планираниот пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец.

Член 5

Правното лице кое врши дејност распоредена во областите од 12 до 14, освен правното лице кое е регистрирано како претпријатие, нето платите за месец декември 1993 година ги исплатува најмногу во висина од 92% од просечната месечна нето плата по работник кај правното лице за периодот август – септември 1993 година исплатена до 10 ноември 1993 година и зголемена најмногу до кумулативната стапка на пораст на трошоците на живот за периодот октомври – декември 1993 година во однос на месец септември 1993 година.

Правното лице од став 1 на овој член нето платите за месец јануари 1994 година и натаму ги исплатува до висина на правото утврдено за претходниот месец и зголемено најмногу до:

– стапката на пораст на трошоците на живот во тековниот месец во однос на претходниот месец намалена за 2,5 процентни поени и

– 50% од разликата меѓу стварниот и планираниот пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец.

Член 6

Пензиите за месец декември 1993 година се исплатуваат во висина на 92% од правото на исплата утврдено за тој месец.

Исплатата на пензиите за месец јануари 1994 година и натаму се усогласува со:

– стапката на пораст на трошоците на живот во тековниот месец во однос на претходниот месец намалена за 2,5 процентни поени и

– 50% од разликата меѓу стварниот и планираниот пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец.

Правото од став 1 на овој член се утврдува во висина на исплатената пензија за месец ноември 1993 година и усогласена со порастот на платите за месец ноември во однос на месец октомври 1993 година.

Доколку пензијата на одделен пензионер е повисока од две просечни пензии исплатени во претходниот месец, усогласувањето на таквите пензии во тековниот месец ќе се врши со 70% од правото утврдено во ставот 2 на овој член.

Заради примена на ставовите 1, 2, 3 и 4 од овој член пензиите остварени од 1 јануари претходно се пресметуваат на месечно ниво според достигнатото ниво на усогласеноста на пензиите во месец декември претходната година во однос на целата година.

Член 7

Правното лице кое не исплатило плата за месец ноември и претходните месеци на 1993 година, платата по работник за соодветниот месец ја исплатува најмногу до просечната месечна нето плата по работник исплатена кај правното лице во претходниот месец и зголемена до стапката на порастот на трошоците на живот во месецот за кој се врши исплатата во однос на претходниот месец.

Член 8

Платата по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плата, не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката објавена во тековниот месец.

Министерството за труд и социјална политика до 20 во тековниот месец ја утврдува основицата од став 1 на овој член и истата ја објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Член 9

Новоформираното правно лице кое за првпат исплатува плата по донесувањето на овој закон, платите ги исплатува согласно со општиот акт.

Член 10

Правното лице кое ќе искаже загуба по завршната сметка за 1993 година, односно по периодичната пресметка за периодот јануари – јуни 1994 година, се додека не ја покрие загубата, платите по вработен ги исплатува најмногу во висина од 90% од правото утврдено согласно со членовите 4 и 5 од овој закон.

Член 11

Се забранува исплата на девиденди, на плати од дневен пазар, како и исплата на плати и други надоместоци на плати во бонови и натура.

Платата на работниците правното лице ја исплатува исклучително во паричен износ или чек издаден од банка или пошта.

Член 12

Правното лице може да врши исплата на надоместоците кои имаат карактер на заедничка потрошувачка и материјални расходи и тоа најмногу до:

– 60% за регрес на годишен одмор и

– двократен износ за отпремнина при заминување на работникот во пензија.

Надоместоците од став 1 на овој член се пресметуваат врз основа на просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместокот од став 1 алинеја 1 на овој член се исплатува еднаш во текот на годината.

Член 13

Стапките на пораст од алинеите 1 и 2 на членовите 4, 5 и 6 ги утврдува и објавува Министерството за труд и социјална политика.

Член 14

Министерот за труд и социјална политика пропишува начин на утврдување на износот на средствата за плати, составувањето на пресметките и доставување до институцијата за платен промет.

Прописот од став 1 на овој член ќе се донесе во рок од еден ден по влегувањето во сила на овој закон.

Институцијата за платен промет врши контрола на примената на овој закон.

Член 15

Со парична казна од 150 до 200 плати ќе се казни за стопански престап правното лице кое платите и пензиите ќе ги исплати спротивно на одредбите на овој закон.

За дејството од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице кај правното лице со парична казна од пет до десет плати.

Покрај, паричната казна за стопански престап од став 2 на овој член, ќе се изрече и заштитна мерка – забрана за вршење на определени должности во траење од шест месеци до една година.

Член 16

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува заклучно со исплатата на платите, надоместоците и пензиите за месец декември 1994 година.

1833.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 1993 година.

Број 08-4620/1
22 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

Член 1

Во Законот за банките и штедилниците („Службен весник на Република Македонија" број 31/93), по членот 32 се додава нов член 32-а кој гласи:

„Член 32-а

Основачите на банката одговараат за обврските од работењето на банката до висината на средствата со кои учествуваат во гарантниот капитал на банката".

Член 2

Во членот 90 точка 1) зборовите: „и добротворни организации" се бришат.

Член 3

Во членот 104 ставови 1 и 2 зборовите: „или штедилница" се бришат.

Член 4

По членот 104 се додава нов член 104-а кој гласи:

„Член 104-а

Република Македонија во санација на банка учествува преку Агенцијата на Република Македонија за санација на банка (во натамошниот текст: Агенција).

Санационата постапка на банка Агенцијата ја врши врз основа на програма за санација на банка, што ја донесува Владата на Република Македонија".

Член 5

Во членот 108 став 3 зборовите: „или штедилница" и зборовите: „или штедилницата" се бришат.

Член 6

По членот 110 се додава нова точка 2-а со осум нови члена кои гласат:

„2-а Агенција на Република Македонија за санација на банка

Член 110-а

Агенцијата има својство на правно лице.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

Член 110-б

Со Агенцијата управува Управен одбор кој е составен од седум члена.

Со Агенцијата раководи директор.

Член 110-в

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија, за период од шест години и тоа: по двајца на предлог од гувернерот на Народната банка на Република Македонија и на предлог на министерот за финансии, а тројца од редот на стручни лица од областа на банкарството и финансиите.

Со работата на Управниот одбор раководи претседател кого од членовите на Управниот одбор го именува Владата на Република Македонија за период од шест години.

Управниот одбор за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

Член 110-г

Директорот раководи со работењето на Агенцијата и ја организира нејзината работа.

Директорот го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Член 110-д

За санација на банка Агенцијата обезбедува средства од: буџетот на Републиката, кредити, издавање на обврзници, како и од приходите што ги остварува од своето работење.

Член 110-ѓ

Агенцијата донесува статут, со кој поблиску се уредува работењето и организацијата на Агенцијата.

Статутот на Агенцијата го донесува Управниот одбор на Агенцијата, во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање.

На статутот на Агенцијата согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 110-е

Владата на Република Македонија ги потврдува финансискиот план и годишната пресметка на Агенцијата.

Член 110-ж

Агенцијата за својата работа, најмалку еднаш годишно, доставува извештај на Владата на Република Македонија".

Член 7

Во член 131 по зборот „единици" се додаваат зборовите: „и филијалите".

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

1834.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработувањето што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 1993 година.

Број 08-4615/1
22 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 1

Во Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ" број 32/87, 18/89, 36/89, 17/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 36/91 и 12/93), во членот 23 ставот 3 зборовите: „триесет месеци" се заменуваат со зборовите: „две години".

Член 2

Во членот 27 ставот 1 се менува и гласи:

„Паричен надоместок на невработеното лице се исплатува:

1) три месеци ако има стаж на осигурување најмалку девет месеци во непрекинато траење или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци;

2) пет месеци ако има стаж на осигурување 15 месеци во непрекинато траење или 24 месеци со прекин во последните три години;

3) седум месеци ако има стаж на осигурување 30 месеци во непрекинато траење или 50 месеци со прекин во последните пет години;

4) девет месеци ако има пет-седум години стаж на осигурување;

5) дванаесет месеци ако има седум-десет години стаж на осигурување;

6) четиринаесет месеци ако има 10-13 години стаж на осигурување;

7) шеснаесет месеци ако има 13-16 години стаж на осигурување;

8) осумнаесет месеци ако има 16-19 години стаж на осигурување;

9) дваесет и еден месец ако има 19-22 години стаж на осигурување и

10) дваесет и четири месеци ако има 22-25 години стаж на осигурување".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1835.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 декември 1993 година.

Број 08-4650/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Член 1

Во Законот за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија" број 24/92, 32/92 и 83/92) членот 4 се менува и гласи:

„Регреси се обезбедуваат за:

1. Дел од вкупната договорена камата на кредитите од деловните банки кои се користат за обртни средства за определени намени во земјоделството на Република Македонија и тоа за:

– сопствено производство на одделни земјоделски производи;

– залихи на одделни земјоделско-прехранбени производи;

– гоење на јуниња и јагниња и

– републички стоковни резерви на одделни земјоделско-прехранбени производи.

2. Одделни репроматеријали за земјоделството.

Видот на производите и висината на регресите од точките 1 и 2 на овој член ги утврдува Владата на Република Македонија".

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

„Висината на регресот за намените утврдени во точка 1 на член 4 на овој закон се утврдува диференцирано до 20% од износот на вкупната договорена камата со деловните банки.

Висината на регресот за намената од точка 2 на член 4 на овој закон се утврдува диференцирано до 20% од тековната производна цена на тие производи".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1836.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДВОРЕШНО–ТРГОВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно–трговското работење, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 декември 1993 година.

Број 08–4648/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател,
на Собранието на Република
Македонија
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДВОРЕШНО–ТРГОВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Во Законот за надворешно–трговското работење („Службен весник на Република Македонија" број 31/93 и 41/93), по членот 11 се додава нов член 11–а кој гласи:

„Член 11-а

Претпријатијата можат слободно да увезуваат патнички моторни возила со старост до три години и товарни, полутоварни моторни возила или приклучни возила со старост до пет години."

Член 2

Во членот 46 став 1 по зборовите: „извезуваат, односно увезуваат", се додаваат зборовите: „ако тие стоки се фактурирани и оцаринети, а дополнително комисиски е утврдено дека не се испорачани".

Член 3

Во членот 79 по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Домашните физички лица можат слободно да внесуваат оружје и муниција доколку поседуваат одобрение за набавување на оружје или муниција".

Член 4

Во членот 87 точка 2) на крајот по зборот „странство" се додаваат зборовите: „или го пречекори пропишаниот рок за враќање на привремено извезената, односно увезената стока или ако привремениот извоз, односно увоз на стока се врши спротивно на одредбите на прописите или ако пријави враќање во странство на привремено увезена стока или овозможи нејзино пријавување, а со прегледот се утврди дека стоката ја нема или дека е во помало количество од пријавеното".

По точката 2) се додава нова точка 3) која гласи:

„3) предметите и стоките ги купи, продаде, протури, прикрие, прими на подарок, прими на чување, употреби или ги прими на држење по било која основа, а за која знаел или од околностите на случајот можел да знае дека со неа е извршен прекршок од точките 1) и 2) на овој член".

Член 5

Во членот 89 став 1 зборовите: „републичкиот девизен инспектор" се заменуваат со зборовите: „девизната инспекција", а бројот „88" се заменува со бројот „87".

Ставот 2 се менува и гласи:

„По жалбата против решението на девизната инспекција решава Министерството за финансии, а по жалбата против решението на Царинарницата решава Царинската управа."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

1837.

Врз основа на член 7 од Законот на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 26/92, 4/93 и 29/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА МОНЕТАРНО-КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1994 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат целите и задачите на монетарно-кредитната политика во 1994 година, во согласност со целите и задачите на економската политика.

2. Монетарно-кредитната политика, заедно со мерките во другите области на економската политика, ќе биде насочена кон забавување на растежот на инфлацијата, така што тој растеж до крајот на 1994 година да не е поголем од 70,0% во однос на декември 1993 година.

3. За остварување на целта од точка 2 на оваа одлука, со мерките на монетарно-кредитната политика, ќе се обезбеди паричната маса (М3-денарски дел) во првото полугодие од 1994 година да се зголеми најмногу за 29,0%, а до крајот на 1994 година најмногу за 81,0% во однос на нејзината состојба на 31 декември 1993 година.

4. Заради остварување на стапките на растежот на паричната маса од точка 3 на оваа одлука, Народната банка на Република Македонија ќе обезбеди монетарната база во 1994 година да се зголеми најмногу за 83,6% во однос на нејзината состојба на 31 декември 1993 година. Во тие рамки, монетарната база во првото тримесечје може да се зголеми најмногу за 17,0%, а во второто тримесечје најмногу за 12% во однос на нејзината состојба накрајот од претходното тримесечје.

Во рамките на утврдениот пораст на монетарната база, селективните кредити во првото тримесечје од годината можат да се зголемат најмногу за 140 милиони денари.

Селективните кредити од став 2 на оваа точка можат да се одобруваат за рефинансирање на кредитите коишто банките им ги одобриле на земјоделските претпријатија за формирање на залихи на тутун и за производство на пченица.

5. Заради сведување на паричната маса и на монетарната база во утврдените рамки, Народната банка на Република Македонија ќе го ограничи порастот на денарските пласмани кои банките им ги одобруваат на стопанските претпријатија, така што во првото тримесечје од 1994 година можат да се зголемат најмногу за 16,0% во однос на состојбата на 31 декември 1993 година, а во второто тримесечје за 12,0% во однос на нивната состојба на 31 март 1994 година.

6. Во 1994 година есконтната стапка на Народната банка на Република Македонија ќе се утврдува на реално позитивно ниво со примена на остварената годишна просечна стапка на инфлацијата во последните два месеца и со додавање на 5%, како реален дел. Притоа, есконтната стапка нема да се приспособува кон сезонските промени во месечната стапка на инфлацијата.

Откако аукциската купопродажба на кредитите од Народната банка на Република Македонија ќе стане целосно ефикасна, есконтната стапка на Народната банка на Република Македонија ќе се утврдува во согласност со каматната стапка одредена на аукцијата.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1994 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4657/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

---

1838.

Врз основа на член 14 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" број 30/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДЕВИЗНАТА ПОЛИТИКА И ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1994 ГОДИНА

1. Со девизната политика за 1994 година ќе се создадат услови за постепено урамнотежување на тековните трансакции со странство, позначаен прилив на странски капитал и натамошно зголемување на девизните резерви, со цел обезбедување на минимална ликвидност во плаќањата со странство.

2. Во 1994 година извозот на стоки и другиот девизен прилив ќе се остваруваат во согласност со политиката на реален курс на денарот, политиката на поттикнување на извозот, политиката на увоз и заштита на домашното производство, политиката на кредитно-финансиските односи со странство и со политиката на девизните резерви на Република Македонија.

Курсот на денарот ќе се формира слободно во согласност со движењето на понудата и побарувачката на

за плаќање преку менувачко работење, надоместоци што се плаќаат за странски моторни возила, прилив од бензински бонови, ефективни странски пари добиени со продажба на општествен капитал, издавање девизни обврзници, приходи по основа на ракување со девизните резерви.

Врз основа на точка 2 став 2 од оваа одлука, а заради ограничените можности, Народната банка на Република Македонија ќе интервенира на девизниот пазар со продавање на девизи само за увоз на енергетски суровини, за пченица или брашно, масло за јадење и шеќер, како и за увоз на репроматеријали на претпријатијата кои остваруваат извоз од најмалку 60% од сопственото производство.

6. Тргнувајќи, од наведените цели и задачи на девизната политика и од мерките за нејзино извршување за 1994 година се утврдува

## ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1994 ГОДИНА

– во мил. САД долари

| | вкупно | кварталн I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|---|
| ТЕКОВНИ ТРАНСАКЦИИ | -44 | -24 | -12 | -3 | -5 |
| Трговски биланс | -85 | -32 | -29 | -13 | -11 |
| Извоз без доработка | 895 | 180 | 197 | 243 | 275 |
| Увоз без доработка 1) | 980 | 212 | 226 | 256 | 286 |
| Услуги без камата, вклучувајќи доработка 2) | 16 | 7 | 10 | 2 | -3 |
| Прилив | 175 | 36 | 48 | 46 | 45 |
| Одлив | 159 | 29 | 38 | 44 | 48 |
| Камата | -60 | -17 | -15 | -16 | -12 |
| Наплатена | 5 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| Платена 3) | 65 | 18 | 16 | 17 | 14 |
| Трансфери, нето | 85 | 18 | 22 | 24 | 21 |
| Официјални трансфери | 35 | 7 | 10 | 9 | 9 |
| Од ЕЕЗ | 25 | 4 | 7 | 7 | 7 |
| Од САД – помош | 8 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Други | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Приватни трансфери | 50 | 11 | 12 | 15 | 12 |
| Прилив | 190 | 42 | 48 | 50 | 50 |
| Одлив | 140 | 31 | 36 | 35 | 38 |
| КАПИТАЛНИ ТРАНСАКЦИИ | 70 | 5 | 19 | 14 | 32 |
| Среднорочен и долгорочен капитал, нето | 78 | 10 | 24 | 13 | 31 |
| Користено (без ММФ) | 300 | 180 | 40 | 40 | 40 |
| Отплатено (без ММФ) | 222 | 170 | 16 | 27 | 9 |
| (Од тоа: Расчистување на долговите) | 57 | 57 | 0 | 0 | 0 |
| (Помош од Донаторската група) | 80 | 80 | 0 | 0 | 0 |
| (Намалување на мултилатералните долгови) | 137 | 137 | 0 | 0 | 0 |
| Трговски кредити, нето | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Користени кредити | 45 | 11 | 11 | 11 | 12 |
| Одобрени кредити | -45 | 11 | 11 | 11 | 12 |
| Краткорочен капитал, нето | -8 | -5 | -5 | 1 | 1 |
| Банки, нето | 0 | -3 | -3 | -3 | 3 |
| Други, нето | -8 | -2 | -2 | -2 | -2 |
| Користено | 25 | 10 | 5 | 5 | 5 |
| Отплатено | 33 | 12 | 7 | 7 | 7 |
| ГРЕШКИ И ПРОПУСТИ | -6 | 24 | -2 | -6 | -22 |
| ВКУПЕН БИЛАНС | 20 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Промена на нето девизните резерви (НБМ) | -20 | -5 | -5 | -5 | -5 |
| Резерви | -53 | -22 | -4 | -22 | -5 |
| обврски спрема ММФ | 33 | 17 | -1 | 17 | 0 |

1) Заедно со официјалните помошти.
2) Вклучено е и застапничка провизија, инвестициони работи, консигнација итн.
3) Вклучена е и затезна камата според проценки од ММФ, како зголемената каматна стапка во однос на договорената која е утврдена како променлива

7. Ако во текот на 1994 година настанат значителни нарушувања на Проекцијата на платниот биланс на Република Македонија, и ако позначајно се намалат постојаните девизни резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија, Владата на Република Македонија може да преземе, односно да предложи мерки со кои ќе го ограничи увозот на одделни производи, а тековниот девизен одлив ќе го сведе во рамки на можностите на платно билансните пропорции.

8. За потребите на статистиката, односно за податоците за плаќањата и наплатувањата по основа на увозот и извозот на стоки, ќе се применува курсната листа на Народната банка на Република Македонија формирана на 31 декември 1993 година.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1994 година

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4647/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов, с.р.**

---

1839.

Врз основа на член 76 став 1 од Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ“ број 32/87, 36/89, 17/91 и „Службен весник на Република Македонија“ број 36/91 и 12/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Стапката на придонесот за вработување изнесува 1,5% од утврдена основица.

Член 2

Обврзници за плаќање на придонесот за вработување се:

1) работниците вработени во претпријатија, организации од општествени дејности, банки и други финансиски и осигурителни организации, задруги и други форми на соработка со странски лица, работни заедници и други организации и заедници, граѓански правни лица, претставништва, други правни лица на странски фирми, дипломатско – конзуларни претставништва и кај работодавците;

2) воените старешини во Армијата на Република Македонија, граѓанските лица во служба на Армијата и војниците по договор;

3) работниците на привремена работа во странство за кои Републиката нема склучено меѓудржавна спогодба за социјално осигурување и

4) физичките лица што вршат стопанска и нестопанска дејност.

Член 3

Основица за пресметување и плаќање на придонесот за вработување претставува:

1) за обврзниците од член 2 точките 1 и 2 на оваа одлука бруто платата во која се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од платата;

2) за обврзниците од член 2 точка 3 на оваа одлука платата за исти или слични работи во земјата;

3) за обврзниците од член 2 точка 4 на оваа одлука основицата од која се пресметува и плаќа данок од плата зголемена за придонесите (бруто плата) и

4) за обврзниците од член 2 точка 4 на оваа одлука кој данокот го плаќаат во годишен паушален износ придонесот за вработување се утврдува во висина од 5% од паушалниот износ на данокот.

Член 4

Плаќањето на придонесот за вработување се врши:

1) за обврзниците од член 3 точка 1 на оваа одлука при исплатата на платата.

Наплата на придонесот за вработување од платите ја врши институцијата за платен промет при исплатата на средствата за платите;

2) за обврзниците од член 3 точка 2 на оваа одлука пред заминувањето во странство.

Наплата на придонесот за вработување го врши Републичкиот завод за вработување;

3) за обврзниците од член 3 точка 3 на оваа одлука при плаќањето на данокот.

Наплата на придонесот за вработување врши органот за јавни приходи врз основа на сопствените податоци и

4) за обврзниците од член 3 точка 4 на оваа одлука со плаќањето на данокот утврден во паушален износ.

Наплата на придонесот за вработување врши органот за јавни приходи врз основа на сопствените податоци.

Член 5

Средствата од придонесот за вработување се уплатуваат на сметка на Републичкиот завод за вработување.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4653/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

1840.

Врз основа на член 122 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 36/91 и 45/92), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Стапката на придонесот на пензиско и инвалидско осигурување на обврзниците на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање – индивидуални земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување (брачниот другар и другите членови на домаќинството на индивидуалниот земјоделец, брачниот другар и другите членови на домаќинството на сопственикот на земјоделското земјиште на кого земјоделската дејност не му е единствено занимање, како и лицата кои се занимаваат со земјиште земено под закуп, со сточарство или со пчеларство на кои вршењето на дејноста им е единствено занимање) од 1 јануари 1994 година, се утврдува на 20,64%.

Член 2

Пресметувањето и плаќањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување, се врши на основиците на осигурување за 1994 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1994 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4656/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

1841.

Врз основа на член 122 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 36/91 и 45/92), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ПЛАТИ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1994 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување за 1994 година се утврдува на 20,0%.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување, се зема остварената плата на работниците кај правните лица.

Член 3

За осигурениците за кои се утврдува само плата, придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува и плаќа од чистата плата со примена на пресметана стапка на чиста плата врз основа на збирот на републичките стапки на придонес од плати.

Член 4

За осигурениците кои навремено не се пријавиле во пензиското и инвалидското осигурување или навремено не го плаќале придонесот, како основица на осигурување за пресметување и плаќање на придонесот служи платата или основицата на осигурување на денот на поднесувањето на барањето, односно на денот на намирувањето на придонесот.

За осигурениците од став 1 на овој член кои немаат плата односно основица на осигурување, за пресметување и плаќање на придонесот за пензиското и инвалид-

ското осигурување служи основицата според стручната квалификација определена со општ акт на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1994 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4655/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

---

1842.

Врз основа на член 122 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 36/91 и 45/92), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 ЈАНУАРИ 1994 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1994 година, се утврдува по стапка од:

а) 10,00% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;

б) 8,33% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци;

в) 6,66% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

г) 5,00% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

д) 3,33% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

ѓ) 1,67% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

Член 2

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење се пресметува од платите на вработените на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, а се плаќа од доходот и добивката односно од редовните средства за работа на организацијата.

За осигурениците од органите за внатрешни работи, казнено-поправните установи и од Армијата на Република Македонија, средствата од придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење паѓаат на товар на Буџетот на Републиката.

Член 3

Уплатата на придонесот по стапките од член 1 на оваа одлука од обврзниците се врши при исплата на платите.

Член 4

За обврзниците на плаќање на придонесот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за кои се утврдени правата и кои не го платиле дополнителниот придонес, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за овој стаж ќе служи платата и стапките на придонесот на денот на плаќањето на придонесот.

За работните места за кои ќе биде донесена одлука за утврдување на работни места на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, за начинот на плаќањето ќе се применува ставот 1 од членот 4 на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1994 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4654/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

---

1843.

Врз основа на член 121 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЧЛЕНСТВО ВО СЕВЕРНО-АТЛАНСКАТА ДОГОВОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА – НАТО

Член 1

Собранието на Република Македонија одлучи Република Македонија да стапи во членство во Северноатлансквата договорна организација – НАТО.

Член 2

Барањето за стапување во членство во Северно-атланската договорна организација – НАТО, да го поднесе претседателот на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4670/1
23 декември 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

---

1844.

Врз основа на член 35 став 6 од Законот за надворешно-трговско работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## УРЕДБА
## ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОБЛАСТА НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Претпријатието и друго правно лице што е запишано во судскиот регистар за вршење работи на надво-

решно-трговскиот промет и услуги (во натамошниот текст: претпријатие) може да склучува договори за застапување на странски лица во Република Македонија во областа на надворешно-трговскиот промет (во натамошниот текст: договори за застапување на странски лица во Република Македонија), договори за продажба на странски стоки од консигнациони складови и договори за обезбедување сервисни услуги за одржување на увезената опрема и трајни добра за лична потрошувачка, под услови утврдени со оваа уредба.

Член 2

Договорите за продажба на странски стоки од консигнациони складови и договорите за вршење сервисни услуги за одржување на увезената опрема и трајни добра за лична потрошувачка, претпријатието може да ги склучува како самостојни договори независни од постоењето на договор за застапување на странски лица во Република Македонија.

## II. ДОГОВОРИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

Член 3

Како застапување на странски лица во Република Македонија во смисла на оваа уредба, се подразбира вршењето во име и за сметка на странско лице, работи што му претходат на склучувањето договори за купување и продажба на стоки или договори за вршење услуги, склучување на тие договори, како и вршењето на работи што се однесуваат на извршувањето на тие договори.

Член 4

Договорот за застапување на странско лице мора да содржи:

1. Назив на договорот,
2. Назив и седиште на странското лице,
3. Назив и седиште на претпријатието што склучува договор со странско лице,
4. Предмет на договорот, со назначени стоки и услуги,
5. Височина на провизијата и основица за пресметување на провизија (паритет),
6. Права и обврски на странското лице,
7. Права и обврски на претпријатието кое го застапува странското лице,
8. Начин на решавање на споровите (арбитражна клаузула и сл.),
9. Рок на кој се склучува договорот и датум на неговото влегување во сила,
10. Датум на склучување на договорот и потпис на овластените лица на договорните страни.

Член 5

Договори за застапување на странско лице во областа на прометот на стоките се договори за генерално застапување на целата производствена програма на странското лице: договори за исклучиво застапување.

Член 6

По исклучок од одредбата на член 5 од оваа уредба, претпријатието може да склучи договор за застапување на странско лице, со кој не е преземено застапување на целата производствена програма на странското лице ако:

1. Странското лице има повеќе производствени програми, од кои секоја претставува заокружена технолошка целина;

2. Странското лице кое е овластено од страна на различни производители за продажба на нивните производи.

Претпријатието е должно во договорот со став 1 на овој член да наведе дали го презело застапувањето на целата производствена програма или само на еден дел од таа програма.

Член 7

Договорот за застапување на странско лице се склучува на рок кој не може да биде пократок од една година од денот на неговото влегување во сила.

Член 8

Ако предмет на договорот за застапување се опрема или трајни добра за лична потрошувачка, претпријатието е должно да обезбеди сервис за увезените производи и преку консигнациони складови да обезбеди резервни делови, потрошен материјал и прибор неопходен за техничко одржување на тие производи.

Член 9

Претпријатие може да склучи со странско лице договор за пробно застапување, на рок кој не може да биде пократок од шест месеци, ниту подолг од една година од денот на влегувањето на договорот во сила.

## III. ДОГОВОРИ ЗА ПРОДАЖБА НА СТРАНСКИ СТОКИ ОД КОНСИГНАЦИОНЕН СКЛАД

Член 10

Продажба на странски стоки од консигнационен склад може да врши претпријатие кое за тоа ќе склучи договор со странско лице.

Договорот за продажба на странски стоки од консигнационен склад, покрај елементите од член 4 на оваа уредба, содржи и:

1) вредност на стоките во консигнациониот склад искажана во странска валута, со спецификација на тие стоки, која се води по трговски назив и номенклатура на царинска тарифа;

2) трошоци за транспорт и осигурување, како и за осигурување на стоките во консигнациониот склад и податоци за тоа кој ги поднесува трошоците за транспорт и осигурување;

3) трошоци за складирање и одржување на консигнацијата;

4) обврска на странското лице да ги испорача стоките кои се предмет на склучениот договор за продажба преку консигнационен склад.

Со договорот за продажба на странски стоки од консигнационен склад претпријатието не може да преземе обврска да ги откупи по определен период непродадените стоки што се наоѓаат на консигнациониот склад.

Член 11

При продажбата на странски стоки од консигнационен склад, пресметката на извршената продажба и плаќањата на странското лице се вршат во странска валута, ако со закон не е определено поинаку.

Договорот за продажба на странски стоки од консигнационен склад се склучува на рок кој не може да биде пократок од една година од денот на неговото влегување во сила.

## IV. ДОГОВОРИ ЗА ВРШЕЊЕ СЕРВИСНИ УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УВЕЗЕНАТА ОПРЕМА И ТРАЈНИ ДОБРА ЗА ЛИЧНА ПОТРОШУВАЧКА

Член 12

Договорот за обезбедување сервисни услуги за одржување на увезената опрема и трајни добра за лична потрошувачка (во натамошниот текст: договорот за работите на обезбедување сервисни услуги), покрај елементите од член 4 на оваа уредба, содржи и:

1) обврска за снабдување на сервисот со резервни делови во гарантниот рок и по истекот на гарантниот рок, во согласност со прописите за пуштање во промет односно за употреба на тие стоки на домашниот пазар;

2) обврска на странското лице за опремување на сервисот (специјални машини, алати и слично);

3) обврска за обезбедување на сервисни услуги во гарантниот рок и по престанувањето на важењето на договорот за вршење на сервисни услуги.

Претпријатието може со договорот од став 1 на овој член да предвиди и надомест на трошоците што ги имало за организирање на сервисот, ако странското лице го раскине договорот без вина на тоа претпријатие.

Член 13

Претпријатието е должно да се грижи за исправното функционирање односно на техничкото одржување на стоките што имаат подолг век на траење и да обезбеди сервис и давање на технички и други услуги на купувачот, во смисла на прописите за пуштање во промет односно за употреба на тие стоки на домашниот пазар.

Член 14

Претпријатието може да довери давање сервисни услуги и на претпријатие кое не е запишано во судскиот регистар за вршење работа во надворешно-трговскиот промет.

Ако претпријатието склучи договор за вршење на сервисни услуги со странско лице кои дотогаш ги вршело друго претпријатие, должно е истовремено да преземе обврска за организирање на сервис во гарантниот рок за стоките на тоа претпријатие.

Член 15

Договорот за работите на вршење сервисни услуги се склучува на рок кој може да биде пократок од една година од денот на неговото влегување во сила.

Член 16

Ако претпријатието или странското лице го раскине договорот за вршење на сервисни услуги, а странското лице не склучи нов договор за тие услуги, претпријатието кое дотогаш ги вршело сервисните услуги е должно да врши сервисни услуги за сите обврски преземени со договорот до истекот на гарантниот рок.

## V. ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ

Член 17

Претпријатието е должно договорот за застапување и пробно застапување за продажба на странски стоки од консигнационен склад и за обезбедување на сервисни услуги и нивните измени и дополненија склучени со странско лице да ги достави до органот на управата надлежен за работите на односите со странство, заради евидентирање, во рок од 30 дена од денот на неговото потпишување.

Член 18

Органот на управата надлежен за работите на односите со странство ги евидентира договорите од член 1 на оваа уредба и нивните измени и дополненија, во рок од 30 дена од денот на приемот на договорите односно на измените и дополненијата на тие договори.

Член 19

Податоците од договорите од член 1 на оваа уредба претставуваат деловна тајна.

Податоците од став 1 на овој член се чуваат кај органот на управата надлежен за работите на односите со странство.

Член 20

Претпријатието е должно на Органот на управата надлежен за работите на односите со странство писмено да му го пријави престанувањето на важноста на договорот за работи на застапување, најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанувањето на важноста на договорот, заради евидентирање.

Ако претпријатието, во рок од 30 дена не го пријавило престанувањето на важноста на договорот од член 1 на оваа Уредба, Органот на управата надлежен за работите на односите со странство може да евидентира друго претпријатие како носител на договорот од тој член, ако претпријатието – новиот застапник донесе доказ од странското лице и од поранешниот застапник дека договорот е раскинат.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба, Уредбата за застапување на странски фирми во Југославија („Службен лист на СФРЈ" бр. 75/89), престанува да се применува на територијата на Република Македонија.

Член 22

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3107/1
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1845.

Врз основа на член 91 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПАРИЗ, РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

Член 1

Република Македонија отвора дипломатско претставништво во Република Франција во ранг на Амбасада со седиште во Париз.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ".

Бр. 23-3590/8
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1846.

Врз основа на член 91 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЛОНДОН, ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА

Член 1

Република Македонија отвора дипломатско претставништво во Обединетото Кралство Велика Брита-

нија и Северна Ирска во ранг на Амбасада со седиште во Лондон.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ".

Бр. 23-3590/1
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1847.

Врз основа на член 91 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РИМ, РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА

Член 1

Република Македонија отвора дипломатско претставништво во Република Италија во ранг на Амбасада со седиште во Рим.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ".

Бр. 23-3590/7
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1848.

Врз основа на член 91 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО БОН, СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Член 1

Република Македонија отвора дипломатско претставништво во Сојузна Република Германија во ранг на Амбасада со седиште во Бон.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ".

Бр. 23-3590/2
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1849.

Врз основа на член 91 став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Сојузна Република Германија на ниво на амбасади.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3590/2
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1850.

Врз основа на член 91 став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Република Франција на ниво на амбасади.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3590/3
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1851.

Врз основа на член 91 став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Република Италија на ниво на амбасади.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3590/4
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1852.

Врз основа на член 91 став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Кралството Шведска на ниво на амбасади.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3599/2
16 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1853.

Врз основа на член 91 став 1, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СТОКХОЛМ, КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА

Член 1

Република Македонија отвора дипломатско претставништво во Кралството Шведска во ранг на Амбасада со седиште во Стокхолм.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 23-3599/3
16 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1854.

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Кралството Холандија на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3590-5
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1855.

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И КРАЛСТВОТО ДАНСКА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Кралството Данска на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3590/6
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1856.

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И КРАЛСТВОТО НОРВЕШКА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Кралството Норвешка на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3599/1
16 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1857.

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска на ниво на амбасади.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3590/1
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1858.

Врз основа на член 91 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОФИЈА, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Член 1

Република Македонија отвора дипломатско претставништво во Република Бугарија во ранг на Амбасада со седиште во Софија.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ".

Бр. 23-3599/4
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1859.

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Република Бугарија на ниво на амбасади.

Член 2

Се задолжува Министерството за односи со странство на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3599/4
20 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1860.

Врз основа на член 27, став 11 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА И СРЕДСТВА КОИ МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗАТ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата и средствата кои не се произведуваат во Република Македонија и можат да се увезат без плаќање царина, за потребите на Народната банка на Република Македонија и тоа во наведениве количини и вредности:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина | Вредност во ДЕМ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 32.15 | | Печатарски бои, тушеви и мастила за пишување или цртање и други мастила, вклучувајќи ги неконцентрираните или во цврста состојба: | | |
| | 3215.1 | – Печатарски бои: | | |
| | 3215.19 | – – Други | 3 тона | |
| 90.27 | | Инструменти за физички и хемиски анализи (на пример, палариметри, рефрактометри, стекипометри апарати за анализа на гас или чад); инструменти и апарати за мерење и контрола на вискозитет, порозност експанзијата, површинскиот напон и слично; инструменти и апарати за колометарски акустични и | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | фотометарски мерења или контрола (вклучувајќи и експозиметри) микротоми: | | |
| 9027.50 | – Други инструменти и апарати што користат оптички зрачења (ултравиолетови, видливи, инфрацрвени) | | |
| 9027-509 | – – – Други | 7 | 55.524,00 |

2. Краен корисник на опремата и средствата кои се увезуваат без плаќање царина е Народната банка на Република Македонија.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3392/1
15 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Бранко Црвенковски, с.р.

1861.

Врз основа на член 142, став 3, од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГЛАВНИОТ РЕПУБЛИЧКИ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР

1. За заменик на главниот републички просветен инспектор се именува Стојан Пржовски, досегашен просветен инспектор во Министерството за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-1721/3
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

1862.

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ САНИТАРНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИНСПЕКТОРИ ВО ПОДРАЧНИТЕ ЕДИНИЦИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

I. Владата на Република Македонија дава согласност за републички санитарни и здравствени инспектори во подрачните единици на Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат да бидат назначени и тоа:

1. За подрачната единица во Делчево:
– д-р Марина Тодоровска
2. За подрачната единица во Кавадарци
– д-р Ѓорѓија Бајевски
3. За подрачната единица во Штип:
– д-р Лепа Лазарова
4. За подрачната единица во Кочани:
– д-р Јулијана Филипова.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-3161/2
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

1863.

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ“ бр. 19/79; 50/82; 42/85; 35/86; 47/89 и 19/92), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА УПРАВИТЕЛОТ НА ЗАТВОРОТ ВО ОХРИД

1. За заменик на управителот на Затворот во Охрид се именува Трајче Јосифоски, досегашен заменик на управителот на Затворот во Охрид.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-3253/2
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

1864.

Врз основа на член 153, став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. За советник на министерот за образование и физичка култура, за вршење работи од областа на издавачката дејност во образованието, се назначува Живко Новевски, досегашен преземен работник во Министерството за образование и физичка култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3318/2
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

1865.

Врз основа на член 153, став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

1. За помошник на министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија и раководител на Секторот за цивилна воздушна пловидба се назначува Горан Павловски, досегашен шеф на Службата за превоз со воздухоплови во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-3533/1
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

1866.

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР ЗА ОПШТИНА – КРУШЕВО

1. Владата на Република Македонија дава согласност Марјан Јовановски да биде разрешен од должноста урбанистичко-градежен инспектор за Општина Крушево.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-3533/2
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1867.

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИНСПЕКТОР ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ ЗА РЕГИОНОТ ГЕВГЕЛИЈА – ВАЛАНДОВО

1. Владата на Република Македонија дава согласност за инспектор за патен сообраќај за регионот Гевгелија – Валандово да биде назначен Коста Митренцов, дипл. сообраќаен инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-3024/2
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1868.

Врз основа на член 33, став 3 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91 и „Службен весник на РМ" бр. 38/91 и 12/93), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ „ИВО РИБАР ЛОЛА"–КРИВА ПАЛАНКА

1. За претставници на Републиката во Советот на РО за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст „Иво Рибар Лола" – Крива Паланка се определуваат:

– Милка Митревска, доктор на медицина, вработена во Медицинскиот центар „д-р Димитар Арсов" Крива Паланка;

– Зорица Петровска, правник – вработена во Одделението за труд и социјална политика во Крива Паланка.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-60/9
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1869.

Врз основа на член 58 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78; 43/78; 35/85; 17/91) и „Службен весник на Р.М" бр. 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 1993 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦАТА СО ОШТЕТЕН СЛУХ „КОЧО РАЦИН" – БИТОЛА

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" – Битола, со која за индивидуален работоводен орган на Заводот е именуван Пеце Гаштаров, дипл. дефектолог.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-61/10
6 декември 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1870.

Врз основа на член 14 од Законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", број 78/93), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ, СОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКИТЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ТИЕ ПРЕСМЕТКИ ДО ИНСТИТУЦИЈАТА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Член 1

Правните лица од членот 3 од Законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија (во натамошниот текст: Законот), износот на месечните нето плати за месец декември 1993 година го утврдуваат на начин пропишан со овој правилник и податоците ги искажуваат на образецот ПДС – Пресметка на средства за исплата на плати за месец декември 1993 година, кој е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Правните лица Образецот ПДС го составуваат врз основа на податоците за исплатените нето плати за месеците август и септември 1993 година согласно општиот акт и врз основа на податоците кои ги утврдуваат на денот на составувањето на пресметката, и тоа:

1. Под реден број 1 се внесува податокот за нето плати и надоместоци на плати од средствата на правното лице за месеците август и септември 1993 година исплатени преку институцијата за платен промет заклучно до 10-ти ноември 1993 година.

2. Под реден број 2 се внесува просечниот број на работници на кои им е исплатена плата и надоместоци на плата, за месеците август и септември 1993 година, а кој се утврдува така што бројот на остварените часови за работа и часовите за кои работниците примаат надо-

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 2. | Просечен број на работници на кои им се исплатени нето платите за периодот август – септември 1993 година | | |
| 3. | Број на месеци | | |
| 4. | Просечна месечна нето плата по работник (ред. бр. 1: ред. бр. 2: ред. бр. 3) | | |
| 5. | 95% од просечната месечна нето плата по работник (ред. бр. 4 × 95 : 100) | | |
| 6. | Просечно исплатена нето плата по работник во стопанството за периодот август-септември 1993 година | | |
| 7. | 75% од просечно исплатената нето плата по работник во стопанство за периодот август – септември 1993 година (ред. бр. 6×75:100) | | |
| 8. | Износ на разликата помеѓу ред. бр. 7 и реден број 5 | | |
| 9. | 80% од износот на разликата искажана на реден број 8 (ред. бр. 8×80:100) | | |
| 10. | Просечна месечна нето плата по работник (ред. број 5+ред. број 9) | | |
| 11. | Зголемување на нето платите со стапката на порастот на трошоците на живот (ред. бр. 5 или ред. бр. 10 × стапката на пораст на трошоците на животот: 100) | | |
| 12. | Нето плата по работник за исплата за м. декември 1993 година (ред. бр. 5+ ред. бр. 11 или ред. бр. 10+ред. бр. 11) | | |
| 13. | Просечен број на работници за м. декември 1993 година | | |
| 14. | Нето плати за м. декември 1993 година (ред. бр. 12 x ред. бр. 13) | | |
| 15. | Нето плати за м. декември 1993 година според основицата за пресметување на даноци и придонеси од плата (основица x ред. бр. 13) | | |
| 16. | Исплатени нето плати за м. декември 1993 година (ред. бр. 16 < или еднакво на ред. бр. 14 но не помалку од ред. бр. 15) | | |
| 17. | Помалку исплатени нето плати за м. декември 1993 година (ред. бр. 14 – ред. бр. 16) | | |

Пресметката ја составил, Раководител

ОБРАЗЕЦ ПДВ

____________________________
(назив и седиштето на правното лице)

## ПРЕСМЕТКА

на средства за исплата на плати за месец декември 1993 година

(во денари)

| Ред. бр. | Елементи на основа на кој се утврдува износот на средствата за исплата на платите | Ознака за АОП | износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Исплатени нето плати за периодот август – септември 1993 година | | |
| 2. | Просечен број на работници на кои им се исплатени нето платите за периодот август – септември 1993 година | | |
| 3. | Број на месеци | | |
| 4. | Просечна месечна нето плата по работник (ред. бр. 1: ред. бр. 2: ред. бр. 3) | | |
| 5. | 92% од просечната месечна нето плата по работник (ред. бр. 4 × 92 : 100) | | |
| 6. | Зголемување на нето платите со стапката на порастот на трошоците на живот (ред. бр. 5 x стапката на пораст на трошоците на живот : 100) | | |
| 7. | Нето плата по работник за исплата за м. декември 1993 година (ред. бр. 5 + ред. бр. 6) | | |
| 8. | Просечен број на работници за м. декември 1993 година | | |
| 9. | Нето плати за м. декември 1993 година (ред. бр. 7 × ред. бр. 8) | | |
| 10. | Нето плати за м. декември 1993 година според основицата за пресметување на даноци и придонеси од плата (основица × ред. бр. 8) | | |
| 11. | Исплатени нето плати за м. декември 1993 година (ред. бр. 11 < или еднакво на ред. бр. 9 но не помалку од ред. бр. 10) | | |
| 12. | Помалку исплатени нето плати за м. декември 1993 година (ред. бр. 9 – ред. бр. 11) | | |

Пресметката ја составил, Раководител,

ОБРАЗЕЦ МП

____________________________
(назив и седиштето на правното лице)

## ПРЕСМЕТКА

на средства за исплата на плати за месец ______ 1994 година

(во денари)

| Ред. бр. | Елементи на основа на кој се утврдува износот на средствата за исплата на платите | Ознака за АОП | износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Право на нето плата по работник за претходниот месец (ред. бр. 12 на Образецот ПДС, или ред. бр. 7 од Образецот ПДВ, односно ред. бр. 3 од Образецот МП) | | |
| 2. | Зголемување на нето платата со стапката на пораст на трошоците на живот (ред. бр. 1 x објавената стапка на пораст : 100) | | |
| 3. | Нето плата по работник за месецот (ред. бр. 1 + ред. бр. 2) | | |
| 4. | Просечен број на работници за месецот за кој се врши исплатата | | |
| 5. | Нето плати за месецот (ред. бр. 3 x ред. бр. 4) | | |
| 6. | 90% од нето платите за месецот (ред. бр. 5×90:100) | | |
| 7. | Нето плати за месецот според основицата за пресметување на даноци и придонеси од плата (основица x ред. бр. 4) | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 8. | Исплатена нето плата за месецот (ред. бр. 8 < или еднакво на ред. бр. 5 односно ред. бр. 6 но не помалку од ред. бр. 7) | | |
| 9. | По малку исплатени нето плати за месецот (ред. бр. 5 – ред. бр. 8 односно ред. бр. 6 – ред. бр. 8) | | |

Пресметката ја составил, Раководител,

1871.

Врз основа на член 160, точка 16 од Законот за внатрешни работи – пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80, 24/88 и „Службен весник на РМ“ бр. 36/91 и 19/92), министерот за внатрешни работи донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I – Во Решението за цените на обрасците што се употребуваат во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РМ“ бр. 29/92, 37/92, 50/92, 67/92, 1/93, 22/93 и 58/93) во делот I точката 15 се брише.

Точките 16, 17 и 18 стануваат точки 15, 16 и 17.

Во точката 17 се брише зборот „стометарски“.

По точката 17 се додава нова точка 18 која гласи: „Колективна привремена дозвола за движење и задржување на граничен премин“.

Точката 21 се брише, точките 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34 стануваат точки 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32 и 33, а цените на обрасците се менуваат и гласат:

1. Лична карта . . . . . . . . . . . 100,00 ден.
2. Возачка дозвола. . . . . . . . . . . 100,00 ден.
3. Дозвола за возач на трактор. . . . . . . 100,00 ден.
4. Возачка потврда . . . . . . . . . . 100,00 ден.
5. Сообраќајна дозвола за регистрирано возило . . . . . . . . . . 100,00 ден.
6. Сообраќајна дозвола за регистрирано возило земјоделски трактор . . . . . . . . . 100,00 ден.
7. Потврда за регистрација за регистрирано возило . . . . . . . . . . 100,00 ден.
8. Потврда за привремена регистрација на возило . . . . . . . . . . 100,00 ден.
9. Дозвола за поседување и носење оружје . . . . . . . . . . 100,00 ден.
10. Дозвола за поседување на оружје . . . . 100,00 ден.
11. Тест за полагање на возачки испит (1 лист) . . . . . . . . . . 100,00 ден.
12. Извод од матична книга на родени за употреба во странство и земјата. . . . . . 50,00 ден.
13. Извод од матична книга на венчани за употреба во странство и земјата. . . . . . 50,00 ден.
14. Извод од матична книга на умрени за употреба во странство и земјата. . . . . . 50,00 ден.
15. Привремена дозвола за движење и престој во граничен појас . . . . . . . . 150,00 ден.
16. Постојана дозвола за движење и престој во граничен појас . . . . . . . . 150,00 ден.
17. Колективна дозвола за движење и престој во граничен појас. . . . . . . . 150,00 ден.
18. Колективна привремена дозвола за движење и задржување на граничен премин . . . . . . . . 150,00 ден.
19. Привремена дозвола за движење и задржување на граничен премин . . . . . 150,00 ден.
20. Постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин . . . . . 150,00 ден.
21. Инструкторска дозвола . . . . . . . . . . 150,00 ден.
22. Дозвола за движење и престој надвор од местото на граничен премин . . . . . 150,00 ден.
23. Пасош (личен и семеен) . . . . . . . . 1000,00 ден.
24. Дипломатски пасош . . . . . . . . . . 1000,00 ден.
25. Службен пасош . . . . . . . . . . 1000,00 ден.
26. Заеднички пасош . . . . . . . . . . 2000,00 ден.
27. Патен лист . . . . . . . . . . 100,00 ден.
28. Патен лист за странец . . . . . . . . . . 1000,00 ден.
29. Патна исправа за бегалец . . . . . . . . 500,00 ден.
30. Патна исправа за лице без државјанство . . . . . . . . . . 500,00 ден.
31. Лична карта за странци . . . . . . . . 500,00 ден.
32. Туристичка пропусница. . . . . . . . . . 150,00 ден.
33. Уверение за државјанство . . . . . . . . . 50,00 ден.

II. Ова Решение влегува во сила наредниот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13–73567/1
16 декември 1993 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р Љубомир Фрчкоски, с.р.

1872.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/92), на седницата одржана на 10 ноември 1993 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) член 44 став 5 и 6 од законот за заштита и користење на земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр, 7/86, 15/88 и 28/91) и

б) Решението за утврдување на висината на зголемената вредност на земјоделското земјиште, донесено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на 21 април 1992 година („Службен весник на Република Македонија“ бр, 29/92).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, со Решение У. бр, 181/91, од 21 април 1993 година, поведе постапка за оценување уставноста на член 44 став 5 и 6 од законот означен во точка 1 под „а“ од оваа одлука и на решението означено во точка 1 под „б“ од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека во оспорениот член 44 став 5 од Законот е пропишана обврска за сопственикот кој отуѓува земјоделско земјиште, износот на средствата што одговара на зголемената вредност на земјиштето како резултат на вложувањата на општествени средства, што го добил на име цена, да го уплати на посебна сметка, пред заверката на потписите на странките на договорот за купопродажба на земјиштето од надлежниот суд. Со став 6 на овој член е овластено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја утврдува висината на зголемената вредност на земјиштето, што е резултат на вложување на општествени средства во зависност од обемот на вложените средства и новосоздадените погодности во користење на земјиштето обезбедени со тие вложувања (изградени системи за наводнување и одводнување, магистрални и други приодни патишта и слично).

# ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Заклучокот бр. 08-11/1, донесен од Собранието на Општина Крушево на 13 јануари 1992 година („Службен гласник на Општина Крушево" бр. 1/92).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и во „Службен гласник на Општина Крушево".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Живко Талевски од Крушево, со решение У.бр. 194/93 од 13 септември 1993 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот и со закон.

4. На седницата Судот утврди дека со точката 1 од Заклучокот е предвидено заради подобрување на осветленоста на улиците во градот и месните заедници, трошоците за потрошената енергија за улично осветлување да ги сносат граѓаните на Општина Крушево и тоа по 30 денари од бројило месечно во градот и по 15 денари по бројило месечно во месните заедници. Со точките 2, 3 и 4 од Заклучокот се уредува начинот на прибирањето на средствата, службите што ќе ја вршат наплатата, начинот на објавување и неговото влегување во сила.

5. Според член 33 од Уставот на Република Македонија, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Според член 68 од Уставот, Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки, а согласно член 114 став 4 од Уставот, општините се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства на Републиката.

Согласно член 4 од Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/91, 55/91, 21/92 и 36/92), општините обезбедуваат средства за финансирање на потребите и за извршување на задачите и работите што врз основа на Уставот и на законот се должни да ги финансираат, а тие потреби се финансираат од изворите на приходите кои се обезбедуваат со плаќање на даноци, такси и други давачки утврдени со закон.

Со оглед на тоа што со закон не е предвидена можност општината да воведува посебен данок или друга јавна давачка за финансирање на улично осветление, Судот оцени дека оспорениот заклучок не е во согласност со означените уставни и законски одредби, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот м-р Јордан Арсов и судиите Бранка Цривири-Антоновска, Ариф Арифи, Димитрие Димишковски, д-р Филип Лазарески, Братољуб Раичковиќ, д-р Фиданчо Стоев и Вера Терзиева - Тројачанец.

У.бр. 194/93
8 ноември 1993 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
**м-р Јордан Арсов, с.р.**

## ОПШТИ АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

### ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

86.

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/88, 18/89 и 19/90) и „Сл. весник на Република Македонија" бр. 36/91 и 45/92), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 15.12.1993 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНО НИВО НА ПЕНЗИИТЕ НА ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Во Одлуката за определување на месечно ниво на пензиите на посебни категории осигуреници („Сл. весник на РМ" бр. 38/93 и 65/93), во член 1 по зборовите:
„за 5/12 . . . . . . . . . . 1,6750"
се додаваат зборовите:
„за 4/12 . . . . . . . . . . 1,6260
за 3/12 . . . . . . . . . . 1,5273".

Член 2

Во член 2 по зборот „август" се додаваат зборовите „септември и октомври".

Член 3

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-3500
15 декември 1993 година
Скопје

Претседател
Владо Додевски, с.р.

87.

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 15.12.1993 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЕМОТ ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОСНОВИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ И НАПЛАТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за начинот на приемот во доброволно пензиско и инвалидско осигурување, определување основици на осигурување и пресметување и наплатување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување („Сл. весник на СРМ" бр. 23/89 и 7/90) во член 7 ставот 3 се менува и гласи:

„Доколку осигуреникот не го плати придонесот во рокот од став 2 на овој член, времето поминато во доброволно осигурување не се смета во стаж на осигурување".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ".

Бр. 08-3501
15 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
Владо Додевски, с.р.

88.

Врз основа на член 77 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 51/92), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 15.12.1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА („ЕМО" – КИЧЕВО)

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката состојба („Службен весник на СРМ" бр. 31/75) во глава II во подnасловот „работни места во поцинкувалници" се додаваат нови работни места.

Член 2

Во глава II во подnасловот „работни места во поцинкувалници" во Фабриката за челичнорешеткасти столбови од Кичево, која е во состав на „ЕМО" од Охрид, како работни места на кои работата е особено тешка и по здравјето штетна во смисла на член 71 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, се утврдуваат следните:

1. Ракувач на бајцување;
2. Ракувач на цинкување и помошник ракувач;
3. Ракувач и помошник ракувач на шаржирање, дешаржирање и репарирање;
4. Ракувач на центрифуга,
5. Ракувач со постројка за неутрализација, филтер преса и хемиски раствори;
6. Бравар – заварувач во цинклара;
7. Ракувач на пламеници;
8. Груповодител – предводник во цинкара;
9. Контролор во цинкара.

На работните места под реден број 1 и 2 секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување, на работните места под реден број 3,4 5 и 6 секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување, а на работните места под реден број 7,8 и 9 секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

Член 3

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од 15 мај 1945 година.

Пред донесувањето на оваа одлука стажот на осигурување се смета со зголемено траење под услов додатниот придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење да се плати од 7.05.1968 година. За периодот пред 7.05.1968 година за работните места кои со оваа одлука се утврдени како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, не се плаќа додатен придонес.

Член 4

Доказите дека осигуреникот врши работи и задачи од член 2 на оваа одлука се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 5

Фактичката положба на работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука ќе ја утврди Комисијата формирана според член 9 од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-3502
15 декември 1993 година
Скопје

Претседател,
**Владо Додевски, с.р.**

89.

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Сл. весник на Република Македонија" бр. 9/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ОКТОМВРИ 1993 ГОДИНА

1. Пензиите и паричните надоместоци во врска со преквалификација или доквалификација или соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостанатата работна способност и привремениот надоместок за вработување на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој за октомври 1993 година се усогласуваат за 14,22% или вкупно за 294,62% со извршеното усогласување од 13,49% за јануари, 22,93% за февруари, 23,42% за март, 26,66% за април, 14,41% за мај, 9,61% за јуни, 7,99% за јули, 10,04% за август и 6,31% за септември.

2. Со процентот определен со ова решение за октомври 1993 година ќе се усогласат паричниот надоместок за телесно оштетување и надоместокот за помош и нега.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-3505
17 декември 1993 година
Скопје

В.д. директор,
**Љупчо Мешков, с.р.**

90.

Врз основа на чл. 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решение за усогласување на пензиите („Сл. весник на РМ" бр. 9/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА И НА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ЗА ОКТОМВРИ 1993 ГОДИНА

1. Најнискиот износ на старосна пензија за октомври 1993 година се утврдува:

– за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 2.970,00 денари;

– за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 2.890,00 денари

– за корисници кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 2.780,00 денари.

2. Најнискиот износ на инвалидска пензија за октомври 1993 година се утврдува:

– за корисниците кои пензијата ја оствариле врз основа на инвалидност настаната со повреда на работа или професионална болест како и за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 30 години (маж), односно над 25 години (жена), во висина од 2.970,00 денари;

– за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 2.890,00 денари и

– за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 2.780,00 денари.

3. Најнискиот износ на семејна пензија се утврдува во висина од најнискиот износ на старосна односно најнискиот износ на инвалидската пензија во зависност од основата од која е определена семејната пензија.

4. Граничниот износ на најниското пензиско примање кој служи за определување додаток на пензијата за октомври 1993 година се определува во висина од 2.970,00 денари.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3506
17 декември 1993 година
Скопје

В.д.директор,
Љупчо Мешков, с.р.

91.

Врз основа на Одлуката за начинот и постапката за исплата на пензиите и другите примања на воените осигуреници кои остануваат на територијата на Република Македонија („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 33/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ ЗА ОКТОМВРИ 1993 ГОДИНА

1. Пензиите на воените осигуреници за октомври 1993 година се усогласуваат за 14,22%.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3508
17 декември 1993 година
Скопје

В.д.директор,
Љупчо Мешков, с.р.

92.

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87, 4/89, 18/89, 19/90, 36/91 и 45/92), а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Сл. весник на РМ“ бр. 9/92) в.д. директорот на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИЗНОСОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ МИНИМАЛНИ СТАРОСНИ И СЕМЕЈНИ ПЕНЗИИ ЗА ОКТОМВРИ 1993 ГОДИНА

1. Земјоделските минимални, старосни и семејни пензии за октомври 1993 година се утврдуваат во износ од 1.390,00 денари, што претставува 50% од висината на пензијата определена за корисниците од III група на најнизок износ на пензија.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3507
17 декември 1993 година
Скопје

В.д.директор,
Љупчо Мешков, с.р.

93.

Врз основа на член 6 од Спогодбата за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот 1991-1995 година, а во врска со Одлуката за овластување на директорот на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, донесува:

РЕШЕНИЕ
ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА ЗА ОКТОМВРИ 1993 ГОДИНА

1. Надоместокот определен со решението бр. 02-3127 од 4.11.1993 година, за октомври 1993 година се усогласува со 14,22% и изнесува 51.820,00 денари.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 02-3510
17 декември 1993 година
Скопје

В.д.директор,
Љупчо Мешков, с.р.

94.

Врз основа на член 110-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87, 4/89, 19/90 и 36/91), а во врска со Одлуката за овластување за директорот на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за донесување на решенија за усогласување на пензиите („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 9/92), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ И ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ И НА ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ЗА ОКТОМВРИ 1993 ГОДИНА

1. Надоместоците определени со Решение бр. 02-3128 од 4.11.1993 година, за октомври 1993 година се усогласуваат со 14,22% и изнесуваат:

– надоместокот за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој и за заради стручно, односно работно оспособување и за

преквалификација или доквалификација на инвалидите на трудот изнесува 1841,00 денари месечно;

– надоместокот за вршење на преквалификација или доквалификацијата на инвалидите на трудот кога таа се врши во претпријатијата изнесува 455,00 денари, а кога се врши во заштитни организации изнесува 510,00 денари месечно по корисник;

– кога преквалификацијата или доквалификацијата на инвалидите на трудот се врши во претпријатие надвор од местото на живеење на инвалидот, а сместувањето е обезбедено во интернат, надоместокот изнесува 1.018,00 денари месечно по корисник;

– за децата и младинците што се наоѓаат на стручно, односно работно оспособување и за инвалидите на трудот за време на преквалификацијата или доквалификацијата, а не се сместени во интернат надоместокот за топол оброк изнесува 336,00 денари месечно по корисник.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 02-3509
17 декември 1993 год.
Скопје

В.д директор,
Љупчо Мешков, с.р.

95.

Врз основа на член 6 од Спогодбата за обезбедување на материјална основа за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот од 1991 до 1995 година, („Сл. весник на СРМ" број 21/91), Советот на Републичкиот завод за вработување, на седницата одржана на 17. 12. 1993 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува износот, начинот и постапката за одобрување на надоместокот за вработување на невработените инвалидни лица за 1994 година.

Член 2

Републичкиот завод за вработување се обврзува за секое вработено инвалидно лице согласно Спогодбата за обезбедување на материјална основа за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот 1991 – 1995 година, кое пред вработувањето е пријавен како невработено лице да одобри неповратни средства во висина од 5.000,00 денари.

Член 3

Републичкиот завод за вработување средствата за вработување на инвалидни лица ќе ги одобрува врз основа на поднесеното барање од организацијата, работодавачот односно лицето кое самостојно врши дејност со личен труд односно со личен труд и со средства на сопственост на граѓаните кое содржи:

– број на инвалидни лица кои треба да бидат вработени

– опис на работите и работните задачи на кои ќе бидат вработени;

– извод, оценка и мислење на комисијата за оценка на работната способност во случај кога инвалидното лице се вработува на работи и работни задачи за кои не е оспособено по пат на стручно односно работно оспособување;

– износот на неповратните средства за вработување на невработените инвалидни лица.

Член 4

За одобрените средства од член 2 на оваа одлука, Републичкиот завод за вработување склучува договор со организацијата, работодавачот кој вработува инвалидни лица односно со инвалидното лице кое самостојно врши дејност со личен труд односно со личен труд и средства во сопственост на граѓаните.

Член 5

Пренесувањето на одобрените средства се врши по доставување на решението – одлуката за засновање работен однос на инвалидни лица на неопределено време, односно по доставувањето на актот за вршење на самостојна дејност од надлежниот орган.

Член 6

Доколку на инвалидното лице му престане работниот однос без оглед на причините во времето од 2 години сметано од денот на стапувањето на работа со договорот што се склучува во смисла на член 4 од оваа одлука, организацијата односно работодавачот е должна и се обврзува да прими во работен однос на неопределено време друго инвалидно лице без надоместок за вработување или да ги врати примените средства со камата по стапка што се плаќа на орочени средства во банката на 2 години.

Доколку инвалидното лице престане да ја врши дејноста по негова волја или вина, истото не може да се евидентира како невработено лице во Републичкиот завод за вработување за време од 2 години сметано од денот на престанокот на вршењето на дејноста.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1994 година.

Член 8

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОВЕТ НА РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ – СКОПЈЕ

Број 02-2491
21 декември 1993 год.
Скопје

Претседател,
Киро Соневски, с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Пред Општинскиот суд во Куманово се води спор за исполнување на договор, вредност 2.000 денари по тужбата на тужителот Бајрам Љатифи од Куманово, ул. „Јане Сандански" бр. 13, против тужената Јовановска Трајкова Илинка од Куманово, „Светозар Марковиќ" бр. 16, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Јовановска Илинка да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ", да достави точна адреса или да одреди свој полномошник.

По истекот на овој рок, судот ќе го постави за привремен застапник Љубомир Ѓорѓиевиќ-стручен соработник во Општинскиот суд во Куманово, којшто ќе ги штити нејзините права и интереси во оваа постапка.

Од Општинскиот суд во Куманово, III П. бр. 745/93.
(394)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КОЧАНИ

Пред општинскиот суд во Кочани се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Ањица Типуриќ моминско Манчева од Кочани ул. „Роза Петрова" згр. I–2/3 против туженот Спасоје Типуриќ од

